изработил: Славијанка Дојчиноска   ОУ Живко Чинго – Велгошти Охрид

| **Недела 12: Датум:**<br>**број на час : 23** | | | **ТЕМА: 1А Тема 8.1 Сили и движење П1**<br>Единица: **Гравитација** | | | **ОДДЕЛЕНИЕ: VIII** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| | | | **Опис** | **Ц/Г/И** | | |
| 15<br>мин. | Ученикот го опишува ефектот од гравитацијата на предметите, вклучувајќи ја тежината како последица.<br>Ученикот прави разлика меѓу физичките поими : маса, тежина и гравитација. (воведени во V одделение – Природни науки).<br>Ученикот знае како конкретно се вика гравитационата сила на Земјата - Земјина тежа (сила на тежа). | Јас можам да разбирам кога се појавуваат силите на гравитација и тежина, а воедно знам да образложам која сила од која сила е условена, изведувајќи заклучоци преку логика и систематизација во размислувањето.<br>Јас можам да ги разликувам поимите: маса, тежина и гравитација и сила на Земјина тежа и гравитационо поле. | Наставникот ги истакнува критериумите за успех .Секој ученик добива прилог од ( V одд. – Природни науки, повторување) и го гледаат заеднички со наставникот видеото на линкот:<br>https://youtu.be/HKdwcLytloU<br><br>Учениците извлекуваат заклучоци, зошто астронаутите се движат полесно на Месечината (преку видеото), а преку експерименти на наставникот изведуват заклучоци накаде се движат предмети фрлени слободно да паѓаат. | И / З<br>Техника :<br>бура на идеи | Прилог 1<br>Проектор<br><br>Проекто | Прашања, одговор, дискусија |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 мин. | Ученикот знае да го искористи<br>II-от Њутнов закон, $F = m \cdot a$<br>(силата е производ од масата и забрзувањето).<br>Ученикот прави мерења со соодветна точност и едноставни пресметувања. | Јас можам да пресметам сопствена тежината или пак тежина на одреден предмет, на Земјата и на Месечината,како и на различни планети.<br><br>При тоа воочувам што е причината за таа разлика. | Дозволете им на учениците со динамометар да ги измерат различните тежини на предметите околу нив, внимавајќи на прагот на еластичност.<br>Ученикот сопствената тежина на Земјата ја пресметува преку формула дадена од наставникот, а за други планети и небесни тела користи интернет калкулатор:<br>[http://www.seasky.org/solar-system/planet-weight-calculator.html](http://www.seasky.org/solar-system/planet-weight-calculator.html) | И / З<br>Техника : бура на идеи | р,<br>Динамометар<br>интернет - калкулатор | Набљудува, дискусија, пресметки,<br>заклучоци при експеримент |
| 15 мин. | Ученикот дискутира и објаснувања за резултати користејќи научно знаење и разбирање.<br>Јасно ги споделува со другите. | Преку образложување на начинот размислување, можам да изведам заклучок за причината за појава на силата на Гравитација, нејзиното дејство (последици), како и зависност од одредени променливи. | Преку пресметките, добиени со интернет - калулаторот, а претходно познатите информации, учениците се охрабруваат да доаѓаат до заклучоци за прашања: Од што зависи Гравитацијата (големината или масата на небесното тело?) . | З<br>Техника : бура на идеи | Листови хартија, табла | дискусија |

| **Организирање:** Детали за диференцијација / групи / улога на возрасни (поврзани со активности) | **Белешки / можности за проширување на знаењето / домашна работа** | **Клучна терминологија** |
|---|---|---|
| **Вовед:**<br>Наставникот, им дозволува на учениците да ја раскажат приказната за "Њутн и јаболкото", за да го воведе Универзалниот закон за гравитација (незадолжително со математичка формулација).<br><br>**Групни активности:** Сите ученици, ги следат видеата, дискутираат, изведуваат со наставникот заклучоци, а по можност и дебатираат ако наставникот успее да го наметне прашањето за сличностите и разликите меѓу поимите: Гравитација, Земјината тежа, тежина. | **Проширување на знаењата на учениците кои завршиле**:<br><br>1) Секој ученик да ја пресмета со формула сопствената тежина на сите планети од Сончениот систем и да направи споредба со интернет-калкулаторот.<br><br>2) Дали Земјиното забрзување е еднакво секаде на Земјата и зошто?<br><br>3) Зошто Месечината не паѓа на Земјата? Зошто луѓето што живеат на Јужен пол, не паѓаат од Земјата во Вселената?<br><br>4) Како би го формулирале третиот Њутнов закон, за силите кои | тежина, гравитација , гравитациско поле ,маса, забрзување, астронаут, поле на сила центар , планета , ѕвезда , вселена , предвидува , истражува ; |

| | | |
|---|---|---|
| | се јавуваат кај динамометар?<br>**Домашна работа: прилог-универзалии** | |

**Прилог1** Маса, тежина и гравитација

- **Гравитација** е сила со која предметите се привлекуваат меѓусебно (колку е поголема нивната маса таа е поголема, а колку се поодалечени телата таа е помала). Таа дејствува од центрите на двата предмета. Телата кои се наоѓаат на Земјата или се во нејзина близина, силата на Земјината гравитација ги привлекува кон нејзиниот центар. Гравитацијата на Месечината е помала, и доколку се наоѓаме таму Месечевата гравитација помалку не привлекува, отколку што не привлекува Земјата.

- Инструментот за мерење на сила се вика **динамометар.** Мерна единица за сила е Њутн **(N)**.

- **Тежина** е сила со која телото притиска на подлогата на која се наоѓа или го затегнува конецот, ако е закачено. Таа може да се менува, а може да се случи и телото воопшто да нема тежина (кога слободно паѓа).

- **Маса** е мерка за количеството материја што го содржи телото. Таа СЕКОГАШ и СЕКАДЕ е ЕДНАКВА!!! Масата е мерка за инертност, а и**нертност** е својство на телото да си ја задржи состојбата во која се наоѓа.

**Прилог2** Ново дефинирани поими:

**Гравитационо поле** - Секое тело со маса m, создава околу себе поле кое се вика гравитационо, преку кое остварува взаемното дејство со друго тело со одредена маса. Неговата мерна единица е $\left[\frac{N}{kg}\right]$.

II Њутнов закон $F = m \cdot a$, применет за пресметка на тежина на едно тело, е $G = m \cdot g$, од каде следува $g = \frac{G}{m}$, од каде негова мерна единица изведена од оваа формула е $\left[\frac{N}{kg}\right]$. Оваа изведена физичка величина “g”, е уште позната како **земјиното забрзување**, кое го добиваат телата при слободно паѓање, под дејство на силата на Земјина тежа. Тоа има вредност приближно 10 $\frac{m}{s^2}$, доколку го сметаме поимот “забрзување” ( во случајов Земјино забрзување).

изработил: Славијанка Дојчиноска   ОУ Живко Чинго – Велгошти Охрид

Според  досега кажано, може да сметаме дека тело со маса од 1 kg, на Земјата има тежина приближно еднаква  од 10 N.

## УНИВЕРЗАЛИИ

Разгледајте ја табелата и обидете се да одговорите на прашањата:

1. Доколку би поставиле предмет со маса од 20kg на површината на секое небесно тело во соларниот систем што се случува со:

   а) неговата маса ________________________________________

   б) неговата тежина______________________________________

2. Одредете ја тежината на предметот поставен на различни небесни тела:

| Небесни тела и нивните маси $(10^{24} kg)$ | Маса на предмет (kg) | • | Гравитација на небесното тело (m/s²) | = | Тежина на предмет на небесно тело ( N ) |
|---|---|---|---|---|---|
| Сонце=1 989 100 | | • | 274,0 | = | |
| Меркур=0,330 | | • | 3,7 | = | |
| Венера 4,87 | | • | 8,9 | = | |
| Земја=5,97 | | • | 9,8 | = | |
| Месечина=0,073 | | • | 1,6 | = | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Марс=0,642 | | • | 3,7 | = | |
| Јупитер=1 899 | | • | 23,1 | = | |
| Сатурн=568 | | • | 9,0 | = | |
| Уран=86,8 | | • | 8,7 | = | |
| Нептун=102 | | • | 11,0 | = | |
| Плутон=0,0125 | | • | 0,6 | = | |

3. Астрономите мерат растојание помеѓу планетите и Сонцето во астрономски единици (АЕ). Далечината помеѓу Сонцето и Земјата изнесува 149 597 870, 66 km или 1АЕ

| Одалеченост помеѓу планетите и Сонцето | |
|---|---|
| Планета | Оддалеченост (АЕ) |
| Меркур | 0,387 |
| Венера | 0,723 |
| Земја | 1 |
| Марс | 1,523 |
| Јупитер | 5,202 |
| Сатурн | 9,538 |

| | |
|---|---|
| Уран | 19,181 |
| Нептун | 30,057 |
| Плутон | 39,44 (просечна раздал.) |